**Јавно Комунално Претпријатие "ВОДОВОД"**

*ул."9" бб, н.Илинден*
*жиро с-ка: 300000002856783*
*Комерцијална банка АД Скопје*
*ЕДБ: 4030008037559*

Јавно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 04-42/3
04.02 2025 год.
н. Илинден, Илинден

Врз основа на член 37 од Закон за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 20-г од Закон за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 ,14/20 и 208/24), член 22 и 23 од Закон за работните односи (Сл.весник на РМ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 , 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 288/2021, 111/23) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх. бр. 01-230/1 од 26.12.2017 година, а поради пополнување на упразнето работно место и поради зголемен обем на работа, Директорот на Јавното комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден, Ивица Трипуновски, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 01/2025**

**за вработување на неопределено време во ЈКП ВОДОВОД н. Илинден**

Јавното комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден објавува јавен оглас за вработување на 6 (шест) лица на неопределено време на следниве позиции:

1. Оператор на пумпни станици (хлоринаторни станици) и резервоари во Стручна служба - Одделение за санитарна контрола и управување со пумпни станици и резервоари - шифра КДР 0305 Б04035- **3 (три) извршители,**

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност.

Посебни услови:

- За нивото Б4 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование: машинско/електротехничко;
- работно искуство за нивото Б4 со или без работно искуство во струката;

Распоред на работно време:

-Работни денови од понеделник до недела;

-Работни часови неделно 40 часа;

--Сменско работно време прва смена од 08:00 часот до 20:00 часот, втора смена од 20:00 часот до 08:00 часот;

Паричен нето износ на основна плата : 26.758,00 денари.

2. ВКВ Водоинсталатер во Стручна служба - Одделение за водоводна мрежа и одржување КДР 03 05 Б03 012 - **1 (еден) извршител,**

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност.

Посебни услови:

За нивото Б3 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование- Машинство/средно со ВКВ квалификации;

- Работно искуство: за нивото Б3 најмалку една година работно искуство во струката;

Распоред на работно време:

-Работни денови од понеделник до петок;

-Работни часови неделно 40 часа;

-Работно време прва смена од 07:30 часот до 15:30 часот;

Паричен нето износ на основна плата: 30.883,00 денари.

3. Општ работник - Одделение за водоводна мрежа и одржување КДР 0305В02008- **1 (еден) извршител,**

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност.

Посебни услови:

- За нивото В2 стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование;
- Работно искуство и тоа: за нивото В2 со или без работно искуство во струката;

Распоред на работно време:

-Работни денови од понеделник до петок;

-Работни часови неделно 40 часа;

-Работно време прва смена од 07:30 часот до 15:30 часот;

Паричен нето износ на основна плата: 25.342,00 денари

4. Возач на специјално возило/цистерна во Стручна служба - Одделение за експлоатација на возниот парк и одржување на капацитетите, Оддел за експлоатација на специјални возила и градежна механизација КДР0305Б03038 - **1 (еден) извршител,**

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност.

Посебни услови:

- За нивото Б3 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование;
- Работно искуство, и тоа: за нивото Б3 најмалку една година работно искуство во струката;

други посебни услови: возачка дозвола со положена категорија Ц;

Распоред на работно време:

-Работни денови од понеделник до петок;

-Работни часови неделно 40 часа;

-Работно време прва смена од 07:30 часот до 15:30 часот;

Паричен нето износ на основна плата: 30.993,00 денари.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општи и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Јавното комунално претпријатие ВОДОВОД н.Илинден.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги доставаат доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заврена кај нотар, и тоа:

Кандидатите за сите работни позиции, потребно е да ги достават следните документи:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Уверение / диплома / сведителства за завршен степен на образование;
- Лекарско уврение издадено од Медицина на трудот;
- Доказ за работно искуство / Извод од АВРМ за доказ за бараното работно искуство - период евидентиран во агенција за вработување како работен стаж.

Кандидатите доставуваат пријава која треба да ја содржи следната содржина:

1. Податоци за огласот;
2. Лични податоци за кандидатот;
3. Податоци за исполнување на општите услови;
4. Податоци за исполнување на посебните услови;
5. Изјава со потврда дека податоците содржани во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот;
6. Дата на пријавување и потпис на кандидаот.

Приложените документи кон пријавата се во оригинал или копија заверени на нотар.

**Пријавата може да се превземе од веб страницата на ЈКП ВОДОВОД н. Илинден - www.jkpvodovodilinden.com.mk**

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава (со приложени потребни документи) во затворен коверт на следнава адреса:

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден,

ул. 9 б.б. 1041 н. Илинден

(со назнака за оглас за вработување 01/2025)

На ковертот да се наведе бројот на огласот, со напомена: ,,Не отворај".

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот на интернет страницата на претпријатието и дневните весници ( не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.

По селекцијата на пријавите, кандидатите кои имат уредна документација ќе бидат повикани на интервју во просториите на Јавното комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден.

Јавното комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден ќе изврши избор во рокот пропишан согласно законските прописи.

Изборот на кандидати ќе се врши на следниов начин, доколку се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место, изборот на кандидати се врши во рок од 60 дена, од 201 до 500 кандидати од 90 дена, над 500 кандидати од 120 дена по истекот на рокот за пријавување.

**Постапката за селекција за вработување на давателите на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:**

Фаза 1 - Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 - Интервју.

Лице за контакт:

- Цветковска Елизабета, тел. 02 2572-671, 02 2573-077,
  email: vodovodilinden@jkpvodovodilinden.com.mk

ЈКП ВОДОВОД н. Илинден

Директор

Ивица Трипуновски